NEWS
APRIL 25, 2018

ОДРЖАНИ III ЛУКОИЛ СПОРТСКИ ИГРИ НА БАЛКАНСКАТА МЕЃУРЕГИОНАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЦРИКВЕНИЦА, ХРВАТСКА

Во период од 19 до 22.04.2018 година во Цриквеница, Хрватска беа одржани третите спортски игри на Балканската Меѓурегионална Организација ЛУКОИЛ. Вработените се натпреваруваа во 16 спортски дисциплини за мажи, жени и во мешани конкуренција.

III БМРО ЛУКОИЛ игри свечено ги отвори раководителот на Балканската регионална организација на ЛУКОИЛ, г-дин Игор Семеничев.

Прво место во вкупниот пласман освои тимот на ЛУКОИЛ СРБИЈА, на второ место се колегите од тимот на ЛУКОИЛ ХРВАТСКА, а на трето место беше тимот на ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА заедно со наградата за фер плеј. На четвртото место се најде тимот од ЛУКОИЛ ЦРНА ГОРА. Плакета за учество на игрите е доделена на екипата на Бугарија, пехар за најдобар учесник е доделена на Петар Торјански од екипата на ЛУКОИЛ СРБИЈА, а за најдобра такмичарка доделена е награда на Бојана Вучетиќ од ЦРНА ГОРА.